# САКАШ ФОРМАЛНО ДА СЕ ВРАБОТИШ, А НЕ ЗНАЕШ ОД КАДЕ ДА ПОЧНЕШ?

# ТИ ТРЕБА ПОМОШ?



## СЕГА МОЖЕ ДА СЕ ПРИЈАВИШ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

и да користиш некоја од активните мерки и услуги, со што ќе имаш поголеми шанси за формално вработување.

# ШТО ЗНАЧИ ДА СИ ФОРМАЛНО ВРАБОТЕНА?

Формалното вработување значи дека имаш склучено договор за вработување со работодавачот, врз основа на кој ќе можеш да си ги оствариш своите права, придобивки и заштита од злоупотреба, според Законот за работни односи.

# КАКО ДО ФОРМАЛНО ВРАБОТУВАЊЕ?

Преку Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, секоја година државата обезбедува нови работни места за невработените лица, особено за младите, лицата кои долго време се невработени и корисниците на гарантирана минимална помош.

Оваа година, со помош на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, може:

1. Ако имаш завршено основно образование, да се пријавиш за обука на работно место со субвенционирано вработување за да се стекнеш со стручни знаења и вештини за извршување на работните задачи. Ако се пријавиш, ќе добиеш:
    - Месечен надоместок во висина од 11.000 денари – ако редовно ја посетуваш обуката три месеци и ги извршуваш дадените работни задачи;
    - Вработување кај работодавачот по завршување на обуката, со полно работно време, во рок од најмалку 18 месеци.





***Ако успешно ја завршиш обуката, работното место те чека!**

2. Ако си невработена, а си евидентирана во Агенцијата за вработување и имаш завршено минимум средно образование, во текот на 2023 година можеш да се пријавиш на некоја од различните обуки за напредни вештините од областа на информациските технологии (ИТ).

**!**

***Ако редовно ја следиш обуката, ем ќе стекнеш вештини кои се предуслов за речиси секое вработување, ем ќе имаш поголеми шанси за вработување во разни гранки од ИТ секторот - телекомуникации, банки, производствени компании и други!**



3. Ако си невработена, може да се вклучиш во проекти од инфраструктура и заштита на животната средина на локално ниво. Ако се пријавиш, може да добиеш:

- Дневница во висина од 600 денари, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето при повреда на работа;
- Постепено вклучување на пазарот на трудот.

**!**

***Работното ангажирање може да биде реализирано во еден циклус годишно, во времетраење од 22 дена.**

# ЗОШТО Е ВАЖНО ДА СИ ФОРМАЛНО ВРАБОТЕНА?

- Редовно ќе ја добиваш определената плата;
- Ќе имаш поголема економска стабилност и независност;
- Работодавачот ќе ги плаќа предвидените надоместоци за здравствено, социјално, пензиско и инвалидско осигурување за тебе, што значи дека ќе имаш можност за убава пензија по наполнети 62 години;
- Шансите за злоупотреба од страна на работодавачот, како што е прекувремената неплатена работа, неисплаќањето на плата и отпуштањето без образложение, се минимални!

www.hera.org.mk

ХЕРА

KVINNA KVINNA

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

